РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“
ул. „16-та Македонска бригада“, бр. 1, 1000 Скопје
деканат 071 356 241   www.sf.ukim.edu.mk

**Бр.02-157/8**
**30.4.2025 година**

Врз основа на член 58 од Статутот на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ (Универзитетски гласник број 467/2019 и бр.467-Анекс-1/2020) како и член 23 од Одлуката за правила за студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – Скопје, (Универзитетски гласник број 577/2021), по барање на студентите бр.29-123/1 од 27.03 2025 година, Наставно научниот совет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје-Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ на својата 3-та (трета) редовна седница одржана на ден 30.4.2025 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за одобрување на дополнителна испитна ден-сесија во академската 2024/2025 година за студентите на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“**

**I. СЕ ОДОБРУВА** дополнителна испитна ден-сесија сесија во летниот семестар на 15.05.2025 година, во 11:00 часот. Во дополнителната испитна ден-сесија секој студент ќе може да полага само по еден испит по предмети кои студентите ги слушале во зимскиот семестар од академската 2024/2025 година. Испит можат да пријават и полагаат студенти кои го имаат запишано актуелниот летен сместар (2024/2025 г.)

Пријавувањето за испит во дополнителната испитна сесија ќе се врши на 8-ми мај 2025 година од 09:00 до 13:00 часот.

**II**. При пријавувањето на испитите студентите треба задолжително да приложат пријава и уплатница во износ од 500,00 денари со назнака за полагање испит во дополнителната испитна сесија, а доколку испитот го полагаат по втор или повеќе пати, дополнително плаќаат 300,00 денари.

**III**.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Доставено до:** архива, продекан за настава, студентски прашања, огласна табла, веб страна на факултетот, секретар

**ДЕКАН**

**проф. д-р Никола Николов**